За дефинирање на потребниот број на телефонски приклучоци, од првостепено значење е намената на објектот. Димензионирањето на телефонската мрежа треба да се изведе према принципот стан-телефон и за јавните функции бројот на телефонски приклучоци треба да се врши според нивната големина, бројот на вработени, нивната функција и слични критериуми.

Од ова произлегува дека во локалитетот е потребно да се обезбедат околу 90 телефонски приклучоци за домувањето и околу 70 за останатите функции или вкупно 160.

Поврзувањето на телефонски потрошувачи ќе се изведе во склад со развојните програми на АД Македонски телекомуникации - Градски телефон Струга

13. Хидротегничка инфраструктура

Водоснабдување

Од анализата на постојната состојба констатирано е дека предметниот локалитет се снабдува од градска водоводна мрежа.

Предвидени се максимални површини за градба и тоа претставува максимален капацитет на просторот.

Вкупниот максимален број на жители-корисници би изнесувал Nk = 661 корисници.

Водоснабдувањето на новопредвидените објекти се предвидува со приклучување на градска водоводна мрежа со доизградба на секундарна водоводна мрежа. Водоснабдителната норма треба да изнесува 500 л/ден/жит.

Потребна количина на вода

$$Q\max/h = \frac{Nk \times Q \times a_1 \times a_2}{86400}$$ каде што е

Nk - број на жители, посетители

Q - водоснабдителна норма **Q = 500 l**/ден/жит.

a_1 = коефициент на дневна нерамномерност **a1 = 1,3**

a_2= коефициент на часова нерамномерност. **a2 = 1,5**

q max/h = = 3.89л/сек.

qпож. = 25,00 л/сек.

Оваа потребна количина на вода до водокорисниците ќе се дистрибуира преку постојната и планираната дистрибутивна водоводна мрежа, која ќе се состои од профили ф>100мм.

Фекална канализација

По однос на канализацијата се планира изградба на сепаратен систем на канализација т.е. изградба на посебна канализаицона мрежа за атмосферски води како и посебна канализациона мрежа за фекална канализација.

Концепциското решение е условено со мислењето издадено од комуналното претпријатие за стопанисување со водите-Струга. Со проекцијата на хидротехничката инфраструктура се предвидува генерално решавање на фекалната канализација, со проекција на нова канализациона мрежа и вклопување на постојните канали.

Количината на отпадните води ќе се пресметува како 80% од употребената вода зголемана за 20% од инфилтрација на подземни води.

Канализационата мрежа ќе се состои од арм. бетонски канализциони цевки со ф>250 и арм. бетонски ревизиони шахти.

$$qfek = \frac{0.80 \times Nk \times Q_o \times a_1 \times a_2 \times 1.2}{24 \times 60 \times 60}$$ =3.73 л/сек

Атмосферска канализација

Проекцијата на атмосферската канализација, предвидува сепаратен канализационен систем за одвод на атмосферски отпадни води, кој ќе се состои од посебни канали.

Атмосферската канализација ќе ги евакуира отпадните атмосферски води од кровните површини на објектите, од површините на улиците, зелените површини.

Количината на отпадните атмосферски води ќе се одреди со емпириски формули, а во зависност од сливната површина, интензитетот на дождот и отечниот коефициент.

$Q_{atm} = F \cdot q_i \cdot \Psi(l/\sec)$ = 123.2 л/сек

F – вкупна сливна површина (ха)

q_i – специфичен истек (110)

Ψ - просечен коефициент на истекување (0.4)

За минимален пречник е усвоен ф300.

Нумерички дел

1.Билансни показатели

	намена	1	процент
1	А1-семејни куќи	0,51	18,2%
2	А2-заеднички станбени објекти	0,31	11,0%
3	Г4-стоваришта	1,09	38,9%
4	бесправна градба	0,14	5,0%
5	А4-времено сместување	0,06	2,1%
6	В5-верски институции	0,02	0,5%
7	сообраќајни површини	0,68	24,3%
	Вкупно	2,80	100,0%

2.Споредбени показатели

Постојна сосотјба

ПОПИСНИ ЛИСТИ
ПОПИШУВАЧИ 1.СИЛВАНА ВАНОВСКА
2.ЛИДИЈА АНДРЕЕВСКА

БРОЈ:
ДАТА НА ПОПИС ЈУЛИ- 2004

ОПШТИНА :СТРУГА
ЛОКАЛИТЕТ:дел од Б-9

ГРАДЕЖЕН ДЕЛ									ДОМУВАЊЕ						ОСТАНА			
реден број	катност	површина на парцела	површина под објект	развиена бруто површина	процент на изграденост	коефициент на искористеност	состојба	вид на конструкција	заеднички станбени објекти	семејни куќи	број на домаќинства	број на жители деца 0-7 години	деца 7-14 години	намена	број на вработени	број на автомобили	вид на гаражи	забелешка
1	2	3	4	5	6	7	8	9	10	11	12	13	14	15	16	17	18	19	22
1.1	П	2374							бесправна градба									
1.2	П+2+Пк	602 м2	261 м2	1044 м2	*РЕФ	*РЕФ	С	СК		СК								темели
1.3.1.	П	9853 м2	1831 м2	1831 м2	18,6%	0,19												
1.3.2.	П		2493 м2	2493 м2			Д	СК										
1.3.3.	П		192 м2	192 м2			Д	СК										
1.3.4.	П+Пк		360 м2	360 м2			Д	СК										
1.4	П+2+Пк	1061 м2	300 м2	1200 м2	28,3%	0,28	Л	МО										
1.5		923 м2	463 м2						бесправна градба									
1.6а	П	428 м2	59 м2	59 м2														
1.6б	П		65 м2	65 м2			Л	МЕ										
1.7	П	1188 м2	343 м2	343 м2	28,9%	0,29	Л	МЕ		СК								напуштен
1.8	П	134 м2	73 м2	73 м2	54,2%	0,54	Л	МЕ		СК								
1.9	П	317 м2	51 м2	51 м2	16,0%	0,16	Л	МЕ		СК								
1.10	П+1+Пк	737 м2	66 м2	66 м2	8,9%	0,09	Д	СК		СК								
1.11	П+1+Пк	352 м2	112 м2	112 м2	31,7%	0,32	Д	СК		СК								
1.12		1913 м2																празна парцела
1.13	П+1	461 м2	87 м2	173 м2	18,8%	0,19	Д	СК		СК								
1.14	П+1	445 м2	92 м2	184 м2	20,7%	0,21	Д	СК		СК								
1.15	П+1	589 м2	85 м2	170 м2	14,4%	0,14	Д	СК		СК								
1.16	П+1	496 м2	115 м2	229 м2	23,1%	0,23	Д	СК		СК								
1.17	П+1	478 м2	175 м2	351 м2	36,7%	0,37	Д	СК		СК								
1.18	П+1	438 м2	92 м2	183 м2	20,9%	0,21	Д	СК		СК								
1.19	П+1	520 м2	85 м2	170 м2	16,3%	0,16	Д	СК		СК								
ВКУПНО		19977 м2	7399 м2	7223 м2	37%	0,36				11								

ВИД НА КОНСТРУКЦИЈА: МА - масивна СК - скелетна МЕ - мешана МО - монтажна
СОСТОЈБА: Л - лоша С - средна Д - добра
ГАРАЖИ: А - во склоп на објект, В - видна посебно в - монтажна, П - подземна

Постојна сосотјба

вкупна изградена површина со намена домување изнесува 7105 м^2

- број на домаќинства- 79
- просечен број на членови во домаќинство - 3.7
- број на жители – 292
- густина на домување Г=105ж/ха

3.Нумерички дел со урбанистички параметри

Планирани вкупни етажни површини за градење по намена на градбите, урбанистички параметри како што се процентот на изграденост на земјиштето, коефициент на искористеност на земјиштето, површини на градежните парцели, планираните површини за градење, висините на планираните градби.

Нумеричк податоци:

	нумерација наградежна парцела	класа на намена	максимална височина на градење	катност	површина на градежна парцела	максимална површина за градба	максимална бруто развиена површина	потребен бр. на паркинг места	максимален процент на изграденост %	максимален коефициент на искористеност
ОПФАТ 1	1.1	А1	10.20м	П+2	541 м2	243 м2	730 м2	10	44,9%	1,35
	1.2	А1	10.20м	П+2	562 м2	272 м2	932 м2	12	48,4%	1,66
	1.4	А4	13.30	П+3+Пк	890 м2	475 м2	1900 м2	25	53,4%	2,13
	1.6	Г4		П	6421 м2	2505 м2	2505 м2	постојна	39,0%	0,39
	1.7	А2	16.20м	П+4	1092 м2	346 м2	1730 м2	23	31,7%	1,58
	1.8	А2	16.20м	П+4	1561 м2	528 м2	2640 м2	35	33,8%	1,69
	1.9	А2	16.20м	П+4	788 м2	381 м2	1905 м2	25	48,4%	2,42
	1.10	А2	16.20м	П+4	1046 м2	435 м2	2173 м2	29	41,6%	2,08
	1.11	А2	16.20м	П+4	1449 м2	746 м2	3730 м2	50	51,5%	2,57
	1.12	Б5			236 м2					
	1.13	А1	10.20м	П+2	543 м2	140 м2	420 м2	5	25,8%	0,77
	1.14	А1	10.20м	П+2	509 м2	133 м2	399 м2	4	26,1%	0,78
	1.15	А1	10.20м	П+2	604 м2	131 м2	393 м2	4	21,7%	0,65
	1.16	А1	10.20м	П+2	569 м2	163 м2	489 м2	5	28,7%	0,86
	1.17	А1	10.20м	П+2	539 м2	169 м2	507 м2	6	31,3%	0,94
	1.18	А1	10.20м	П+2	499 м2	162 м2	486 м2	5	32,5%	0,97
	1.19	А1	10.20м	П+2	666 м2	137 м2	411 м2	5	20,6%	0,62
	1.20	Г4		П	2553 м2	1997 м2	1997 м2	постојна	78,2%	0,78
	1.21	Е2		П	37 м2	20 м2	20 м2			
	ВКУПНО				21105м2	8983 м2	23367 м2	244	42,6%	1,11

Следните показатели се однесиваат на:

- вкупна развиена бруто површина на класа на намена А1 - 7929м^2
- претпоставена просечна станбена површина по домаќинство да изнесува 120м^2
- број на домаќинства- 66
- просечен број на членови во домаќинство - 3.7
- број на жители – 244
- вкупна развиена бруто површина на А2 - 6305м^2
- просечна станбена површина по жител изнесува 25м^2
- број на домаќинства- 68
- просечен број на членови во домаќинство - 3.7
- број на жители – 252
- нето густина на домување 183ж/ха
- вкупен број на жители – 496

4.Попречни профили на сообраќајната инфраструктура


КАРАКТЕРИСТИЧНИ ПРОФИЛИ НА СООБРАЌАЈНИЦИ

СОБИРНА УЛИЦА С-2



①НОВОПРОЕКТИРАНА СОБИРНА УЛИЦА-1 (С-2)

СОБИРНА УЛИЦА С-3



②УЛИЦА МАРШАЛ ТИТО

СЕРВИСНА УЛИЦА Се-3



②улица:ЕЛПИДА КАРАМАНДИ

СТАНБЕНА УЛИЦА



④улица:ЕЛПИДА КАРАМАНДИ

ПРИСТАПНАУЛИЦА



⑤улица:НОВОПРОЕКТИРАНА

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ГРАДЕЊЕ

1. Општи услови за изградба, развој и користење на земјиштето за градби кои важат за целиот плански опфат

1.1 Изградбата на нови објекти, изградбата на комуналните објекти и инсталации како и вкупното просторно уредување на предметниот локалитет треба да се изведува согласно законската и подзаконската регулатива, техничките прописи во областа на градежништвото и урбанизмот како и овие параметри што се составен дел на документацијата.

1.2 Во деталниот урбанистички план **класата на намени** за домување А1 и А2 заради флексибилноста на планот предвидено е зона за мешана намена со компатибилни класи на намени. За семејното домување во станбени куќи предвидено е во склоп на градежните парцели парковско зелнило, а за семејното домување во станбени згради предвидено е во приземјата на објектите можност за мешана намена со мали комерцијални и деловни дејности.

1.3 **Градежна линија** се исцртува во градежни парцели каде што со планот се утврдуваат услови за идна градба. За постојните легални градби кои се снимени во документационата основа, а за кои во урбанистичкиот план не се утвдуваат услови за идна градба, не се исцртува градежна линија, туку информативна црна линија.

1.4 Согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ", број 78/06) постојат три вида на градежни линии:

- Градежна линија како ознака за просторната граница за градење дефинирана во член 33 став 1 од овој Правилник.
- Помошна градежна линија како ознака за денивелација, пасажи или друга промена во рамките на површината за градење.
- Подземна градежна линија со која се уредува границата за градење под котата на теренот доколку таа не се совпаѓа со градежната линија која ја ограничува надземната изградба.

1.5 Градежната линија се спроведува со **дозволени пречекорувања** од страна на издадените елементи од архитектонската пластика на градбите.

Кога градежната линија се совпаѓа со границата на градежната парцела со соседот не се дозволени пречекорувања на градежната линија со ниту еден вид архитектонски издатини.

Доколку градежната линија се совпаѓа со регулационата линија, дозволени пречекорувања се: првиот скалник од влезните партии до 30 см ако ширината на тротоарот е поголема од 2,25 см, првостепена пластика во која спаѓаат: ризалити, влезни партии, конструктивни столбови, вертикални комуникации и други издадени делови на архитектонската основа до 30 см ако широчината на тротоарот е поголема од 2,25м, второстепена пластика во која спаѓаат: еркери, балкони, конзоли, стреи, брисолеи и др. кои се појавуваат помеѓу првиот спрат и горниот венец до 90 см длабочина за

уличен коридор широк до 12 м и до 7,5% од широчината на коридорот, но не повеќе од 1,50 м длабочина. Елементите на второстепената архитектонска пластика не се појавуваат на фасадата на градбата најмалку 3,60 м над котата на тротоарот,третостепена пластика во која спаѓаат: пиластри, корнизи, подпрозорници, венци и друга плитка архитектонска пластика до 30 см.
Низ целата должина на фасадата на површина од 60 % од фасадата може да се зафати со одреден тип на архитектонска пластика.
Кога површините за градење од страната на градежната парцела се на растојание од 3 м и помало не се дозволени пречекорувања на градежната линија со прво и второ степена пластика.

1.6. **Површина за градење** е планска одредба со која во урбанистички план се утврдува делот од градежната парцела која се предвидува за градење на градбите.
Површината за градење е дефинирана во рамки на една градежна парцела и не може да се протега низ две или повеќе парцели. Континуитетот на површината за градење низ две или повеќе градежни парцели во урбанистичкото планирање се добива како збир од поединечни површни за градење чиишто граници се совпаѓаат, со границите на градежните парцели со што се обезбедува калканско спојување на соседните градби во низа, уличен фронт и слично.
Во една градежна парцела по правило има една површина за градење во која може да се гради само една градба. Комплексните градби составени од повеќе површини за градење во една градежна парцела по правило се уредуваат со урбанистички проект од член 50 став 1 од Законот како разработка на површината за градење уредена во урбанистички план.

1.7. Во планот е предвиден дисперзивен тип на градење наменет за домување со слободностоечки градби со по четири фасади со отвори, двокуќи и објекти во низови. **Растојанието помеѓу површините за градење и границите на градежната парцела** е најмалку 3,0 м за градби високи до 6,60 м (мерено од тротоарот до горниот венец), потоа најмалку половина од планираната висина за градби до 24м височина, што значи минимум 5,10м за максимална височина од **10,20м** и минимум 6,80м. за максимална височина до **13,60м**, согласно член 40 став 3 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (*Службен весник на РМ*, број 78/06).

1.8. Кога растојанието помеѓу површината за градење и страната на градежната парцела е нула, не се дозволени никакви отвори на ѕидот на градбата на границата на градежната парцела. Кога растојанието е од 1,20 до 3,0 м дозволени се само помошни отвори со парапет од најмалку 1,60 метри, а на растојанија поголеми од 3,0 метри се дозволени регуларни отвори на таа страна од градбата.

1.9. **Максимална височина на градбите**, е добиена согласно параметрите зададени во правилникот. Нултата плоча во однос на теренот за сите видови градби со намена домување или мешани намени на домување со комерцијални намени во приземјето, е 1,20 м.Најмалата спратна височина со која се пресметува бројот на спратови, мерено од плоча

до плоча, за домување е 2,90 м, а за деловна дејност 3,40м. Во деталниот урбанистички план за домување е усвоена висина од 3м, па така за градбите со класа на намена семејно домување во станбени куќи со спратност П+2 е добиено 1,20м+**3x3**.0м =**10.20м**. или1,20м+**1x3**.30м+**2x2**,9м =**10.20м**. За градбите со класа на намена семејно домување во станбени згради со спратност П+3 е добиено 1,20 +3,20 +**3x3**.0м =**16,20м**.

1.10. Максималната височина на слеме е до 3,50 м над завршниот венец на градбата. Во рамките на дозволената висина на слемето и силуетата на покривот се уредува потпокривен корисен простор кој се третира рамноправно како и другиот корисен изграден простор по спратовите на градбата. Во потпокривот може да се искористи само една спратна височина.

1.11. Од максималната височина на слемето и дозволената силуета на покривот може да отстапуваат други делови на градбите во планскиот опфат:

- кули, покривни бањи, стакларници и издадени покривни елементи,
- оџаци, вентилациони канали, лифтовски куќички, вертикални комуникации и сите техничко-технолошки инсталации, и
- сите архитектонски декоративни елементи со кои не се обѕидува или оформува затворен корисен простор над котата на горниот венец, односно над дозволената силуета на покривот.

1.12. **Процент на изграденост на земјиштето (Р)** е урбанистичка величина која ја покажува густината на изграденост, односно колкав дел од градежното земјиште е зафатен со градба.
Процентот на изграденост на земјиштето се пресметува како однос помеѓу површината на земјиштето под градбата и вкупната површина на градежното земјиште, изразен во процент. Во површината под градба се подразбира површината ограничена со надворешните ѕидови и столбови на градбата во висина на приземната плоча без надворешните тераси, скали, рампи, патеки и друго.
Коефициент на искористеност (К) на земјиштето е урбанистичка величина која го покажува интензитетот на изграденост на градежното земјиште.
Коефициент на искористеност на земјиштето се пресметува како однос помеѓу вкупната изградена површина, односно збирот на површините на сите изградени спратови на градбата и вкупната површина на градежното земјиште, изразен со рационален број до две децимали. Под вкупна изградена површина се сметаат површините на сите надземни етажи.
Параметрите во однос на процентот на изграденост, како и на коефициентот на искористување на земјиштето се во рамките на превиденитесо правилникот ("Службен весник на РМ", број 78/06) во услови на дисперзивно градење и се дадени во табелата во синтезниот графички прилог за секоја градежна парцела одделно.

Прифатливи вредности на процентот на изграденост (P) и коефициентот на искористеност на земјиштето (K) во услови на периметрално градење на блок се:

- Домување во куќи со градини во низа до П+2 спрата, на парцели со површина од 200 - 300 м^2:

P = 40 - 65 % K = 1,2 - 2,1

- Домување во куќи со градини во низа, до П+2 спрата, на парцели со површина од 120 - 200 м^2:

P = 50 - 75 % K = 1,5 - 2,6

- Домување во згради со повеќе станови, до П+4 спрата и калканско поврзување, на парцели од 200 - 300 м^2:

P = 45 - 70 % K = 2,0 - 3,5

Прифатливи вредности на процентот на изграденост (P) и коефициентот на искористеност на земјиштето (K) во услови на дисперзивно градење на блок и големи парцели од 2000 -10000 м^2 со една или повеќе градби во градежна парцела, се:

- Домување во слободностоечки згради со повеќе станови до П+4 спрата:

P = 25 - 35 % K = 1,2 - 2,0

1.13. За определувањето на потребниот број на **паркинг места** според намената на земјиштето и градбите и нивната големина, кој ќе се утврди во урбанистичкиот план како планска одредба односно услов за градење, служат следниве нормативи:

А –ДОМУВАЊЕ

А1 и А2 - Семејно домување

- За станбени згради кои се лоцирани во централното градско подрачје: 1 паркинг место по стан.
- За станбени згради кои не се лоцирани во централното градско подрачје и за станбените куќи во градежна парцела помала од 600 м^2: 1,2 паркинг места за секој стан до 90 м^2 и 1,5 паркинг места за секој стан над 90 м^2.
- За станбените куќи во градежна парцела поголема од 600 м^2 : 2 паркинг места по стан.

А4 - Времено сместување

- 1 паркинг место на 8 легла и 1 паркинг место на 3 вработени во смена.

Услов што треба да биде исполнет при издавање на одобрение за изградба е обезбедување на паркирање на потребениот број возила во рамките на градежната парцелата односно градбата.

1.14. Димензионирањето на групните паркиралишта во градежните парцели и градбите од класите на намени А2, Б2, Б4, се врши на тој начин што на вкупниот број паркинг места се планираат минимум 3% паркинг места за инвалиди. На паркиралишта со помалку од 20 места се предвидува минимум едно паркинг место за инвалиди. Паркинг местото за инвалиди е со минимални димензии од 3,50/5,50 м и се лоцира и видно се обележува најблиску до влезот на градбата и до пешачката површина.

1.15. Во архитектонското обликување на објектите покрај наменските, функционалните, климатските, геомеханичките, сеизмичките, и другите

микролокациски услови, треба да води сметка за специфичностите на прирачните градежни материјали и традиционалните вредности и културата во градењето. Покрај императивните услови кои произлегуваат од дозволените граници на изградба, во компонирање на фасадите треба да се тежнее кон нивно максимално усогласување со соседните објекти со композициските линии на соседите, но сепак со максимално почитување на индивидуалноста на сопственикот и креативноста на архитектот.

1.16. При изградба на нови објекти и содржини во просторот се применуваат мерките за спречување на бариери во просторот односно се овозможува непречено движење на хендикепираните особи особено во делот на достапноста до јавните објекти.

1.17. Површините за движење на пешаците кои се планираат во урбанистичките планови: тротоари, пешачки улици, пешачки патеки, плоштади и плоштатки, секаде каде што тоа карактеристиките на теренот го дозволуваат, мора да се со континуирана нивелета без скалести денивелации со подолжен наклон од најмногу 8,33%.

1.18. Во условите за градење кои во урбанистичките планови се уредуваат за градби од класите на намени А2, како и групите на класи на намени Б, задолжително се предвидуваат рампи за пристап за висинско совладување на денивелираните површни за комуникација на влезовите од градбите и внатрени рампи во јавните и групните простории како и просториите за собири.
Рампите се димензионираат според одредбите во чл.76 од Правилникот (Службен весник на РМ*, број 78/06,), при што минималната широчина на рампите е 1м.

1.19. Рекламите и огласите не смеат да му пречат на нормалното одвивање на сообраќајот, да му штетат или да го менуваат изгледот на архитектонските објекти и групации ниту да пречат на објектите поставени во јавен интерес како јавно осветлување, градски часовници, табли со имиња на улиците и сл.

1.20. **Процентот на озеленетост** во рамките на градежната парцела претставува однос помеѓу површината на градежно земјиште наменето за зеленило и вкупната површина на градежното земјиште изразено во проценти.
Процентот на озеленост во рамките на градежните парцели минимум е потребно да изнесува од 5-10%.
Оваа планска одредба станува составен дел на условите за градење.

1.21. Условите за градење на станбените и другите видови на објекти, треба да содржат и посебните услови за изведба на приклучоците или уредите за снабдување со вода, електрична енергија, телефонија и одводнувањето на отпадните води.

1.22. Сметот ќе се одлага во заеднички контејнери лоцирани на погодни места во рамките на планскиот опфат.

1.23. Локациите на заедничките контејнери и нивниот број ги определува со посебна одлука органот на управа на Општината. Локациите мораат да бидат достапни за возилата за подигање на контејнерите и уредени во согласност со оној што ќе го евакуира ѓубрето во регионална односно општинска депонија.

1.24. При примена на планските решенија на Детален Урбанистички План-за дел од блок 9/1, општина Струга, за тоа што не е регулирано со овие параметри, се применуваат стандардите и нормативите утврдени во Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ*, број 78/06, 140/07,12/09,93/09.52/10, 62/10).

2. Посебни услови за изградба, развој и користење на земјиштето за градби кои важат за целиот плански опфат за секој блок поодделно

Дел од блок 9/1

Класа на намени: А-семејно домување во куќи **А2** – семејно домување во станбени згради, **А4**- времено домување, **В5**–верски институции.

Градежни парцели:1.1, 1.2, 1.13, 1.14, 1.15, 1.16, 1.17, 1.18 И 1.19, се почитуваат постојните катастарски парцели за класа на намена **А1.** На постојните објекти им се дозволува доградби и надградби.Катноста на објкетите е предвидена П+2ката

	нумерација на градежна парцела	класа на намена	максимална височина на градење	катност	површина на градежна парцела	максимална површина за градба	максимална бруто развиена површина	потребен бр. на паркинг места	максимален процент на изграденост %	максимален коефициент на искористеност
ОПФАТ 1	1.1	А1	10.20м	П+2	541 м2	243 м2	730 м2	10	44,9%	1,35
	1.2	А1	10.20м	П+2	562 м2	272 м2	932 м2	12	48,4%	1,66
	1.13	А1	10.20м	П+2	543 м2	140 м2	420 м2	5	25,8%	0,77
	1.14	А1	10.20м	П+2	509 м2	133 м2	399 м2	4	26,1%	0,78
	1.15	А1	10.20м	П+2	604 м2	131 м2	393 м2	4	21,7%	0,65
	1.16	А1	10.20м	П+2	569 м2	163 м2	489 м2	5	28,7%	0,86
	1.17	А1	10.20м	П+2	539 м2	169 м2	507 м2	6	31,3%	0,94
	1.18	А1	10.20м	П+2	499 м2	162 м2	486 м2	5	32,5%	0,97
	1.19	А1	10.20м	П+2	666 м2	137 м2	411 м2	5	20,6%	0,62
	ВКУПНО				**5032м2**	**1550 м2**	**4767 м2**	**57**	**30,8%**	**0,95**

Градежна парцела **1.7,1.8, 1.9, 1.10, и 1.11** се ноформирани градежни парцели со класа на намена А2-семејно домување во станбени згради. Катноста на планираните градби е со висина на венец од H=16.20м или катност од П+4.

	нумерација наградежна парцела	класа на намена	максимална височина на градење	катност	површина на градежна парцела	максимална површина за градба	максимална бруто развиена површина	потребен бр. на паркинг места	максимален процент на изграденост %	максимален коефициент на искористеност
	1.7	**А2**	16.20м	П+4	1092 м2	346 м2	1730 м2	23	31,7%	1,58
	1.8	**А2**	16.20м	П+4	1561 м2	528 м2	2640 м2	35	33,8%	1,69
	1.9	**А2**	16.20м	П+4	788 м2	381 м2	1905 м2	25	48,4%	2,42
	1.10	**А2**	16.20м	П+4	1046 м2	435 м2	2173 м2	29	41,6%	2,08
	1.11	**А2**	16.20м	П+4	1449 м2	746 м2	3730 м2	50	51,5%	2,57
	ВКУПНО				**5936м2**	**2436 м2**	**12178 м2**	**162**	**41,0%**	**2,05**

Градежна парцела 1.12 е со намена В5-верски институции-црква кое е како дел од наменска зона од В-јавни институции. Во истата не се планира градба, како дел од класата на намена В5-верски институции-црква, која согласно ГУП зафаќа површина од 1100 м^2

Зеленило:. Процентот на озеленост во рамките на градежните парцели наменети за домување потребно е да изнесува минимум од 5-10%.

Паркрање: За обезбедување на доволен број на паркинг места се утврдува согласно **член 59 од** Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 78/06), за секоја класа на намена важат :

А1 и А2 - Семејно домување

- За станбени згради кои се лоцирани во централното градско подрачје: 1 паркинг место по стан.
- За станбените куќи во градежна парцела поголема од 600 м^2 : 2 паркинг места по стан.

А4 - Времено сместување

- 1 паркинг место на 8 легла и 1 паркинг место на 3 вработени во смена.

Радиуси и кривини на улична мрежа се дадени адекватно со прописите од сообраќај и се стандардни.

Согласно важечката законска регулатива за секоја граежна парцела, основен услов за градба е обезбедување на доволен број на паркинг места ,како основен услов за изградба до максимално дозвоелна висина и површина за градба, согласно **член 59** од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 78/06). Исто така при димензионирањет на истите да се решаваат и применуваат **член 57 и член 58** од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 78/06, 140/07,12/09,93/09.52/10, 62/10).

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ОПШТИНА СТРУГА KOMUNA E STRUGËS

ИЗВОД ОД ПЛАН БРОЈ | ÇERTIFIKAT NGA PLANI NUMËR

Број/Numër: 10-2845/8 од/nga 14.05.2026
(архивски број/numri arkivor) (датум/data)

ДУП: УЕ-2 дел од Блок 9/1, Струга 2017 - 2022	PDU: NJU-2 pjesë nga Blloku 9/1, Strugë. 2017 - 2022
наслов на план и плански период	titulli i planit dhe periudha planore
УП за село:	**PU për fshat:**
наслов на план и плански период	titulli i planit dhe periudha planore
УП вон нас. место:	**PU jasht vendbanimit:**
наслов на план и плански период	titulli i planit dhe periudha planore
Намена на градба	**Qëllimi i ndërtimit:**
А1,Г4,А4	**A1,G4,A4**

Сектор за просторно планирање и комунални дејности

Sektori për planifikim hapësinor dhe veprimtari komunale

Одлука бр. | Vendimi nr.: | 08-5451/29 од/nga 27.12.2018
(број и датум на Одлуката со која е донесен планот) | (numri dhe data e vendimit të miratimit të planit)

К.О. Струга,
(катастарска општина) (број на катастарска парцела)
ДЛ./LD.: -/-
(број на детален лист/numri i listës detale)

К.К. Strugë,
(komuna kadastrale) (numri i parcelës kadastarike)
М 1:
(размер/përpjesa)

Барател:ИН -Пума – Скопје

Kërkues: IN-Puma- Shkup

ИЗВОД ЗА:Изменување и дополнување на Генерален урбанистички план и Детален урбанистички план на дел од УЕ 2 Блок 9,Општина Струга-обединета постапка

ÇERTIFIKAT PËR: Ndryshim dhe plotësim të Planit gjeneral urbanistik dhe Plani detal urbanistik në pjesë të NJU 2 Blloku 9, komuna e Strugës – procedurë e bashkuar

ДУП: УЕ-2 дел од Блок 9/1, Струга
2017 - 2022

PDU: NJU-2 pjesë nga Blloku 9/1, Strugë.
2017 - 2022

(bllok/një e katërta pjesë e bllokut/njësia urbane/parcela kadastrale në komunën kadastrale/rrugë-rrugëkalim/përfshirja e plotë planore)

СОДРЖИ/PËRMBAN:

1. ГРАФИЧКИОТ ДЕЛ/PJESËN GRAFIKE:
   Граница на плански опфат/Kufijt e planit perfshires
2. НАПОМЕНА / VËREJTJE:

Од причини што општина Струга не располага со ажурирани геодетски подлоги не сме во можност прецизно да е дефинираме катастарската парцела, истата ќе се дефинира со елаборатот за нумерички податоци изготвен од овластена геодетска фирма. / Nga shkaqet se komuna e Strugës nuk disponon me nënshtresë azhurues gjeodezik nuk kemi mundësi që ta definojmë në mënyrë precize parcelën kadastrale, e njëjta do të definohet me elaboratin për të dhëna numerike i përpunuar nga firma e autorizuar gjeodezik.

Да се почитува Одлуката за начинот на спроведување на постојните урбанистички планови и урбанистичко плански документации и времен прекин на постапки за утврдување правен статус на бесправно изградени објекти донесена од советот на општина Струга со број 08-1861/5 од 30.06.2020 и заклучок за исправка на грешка бр 08-2385/1 од 22.07.2020, односно член кој гласи: "При издавање изводи од детални урбанистички планови, урбанистички плонови вон населено место, урбанистички планови за село, општи акти за села, урбанистичко-плански документации и архитектонско-урбанистички проекти, потребно е да се наведе потребата од примена на Планот за убравување со Охридскиот-Струшки регион при изработка на идејните и основните проекти".

Се задолжува инвеститорот да приложи Идеен проект во кој ке бидат испочитувани одредбите од Планот за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот регион со акциски план(2020-2029) објавен во службен весник бр.45/2020

Detyrohet investitori të parashtrojë Proekt ideor në të cilin do të respektohen dispozitat nga Plani për menaxhim me trashëgiminë natyrore dhe kulturore botërore për rajonin e Ohrit me plan veprimi (2020-2029) i shpallur në Gazetën Zyrtare nr. 45/2020

Të respektohet Vendimi për mënyrën e zbatimit të planeve urbanistike dhe dokumentacioneve planore urbanistike ekzistuese dhe ndërprejra e përkohshme e procedurave për përcaktimin e statusit juridik të objekteve të ndërtuara pa leje, të miratuar nga Këshilli i Komunës së Strugës me numër 08-1861 / 5 të datës 30.06.2020 dhe konkluzioni për korrigjim të gabimit me nr.08-2385/1 të datës 22.07.2020, përkatësisht neni 4 i cili thotë:,,Gjatë dhënies së certifikatave nga planet detale urbanistike, planet urbanistike jashtë vendbanimit, planet urbanistike për fshatra, aktet e përgjithshme për fshatrat, dokumentacionet planore-urbanistike dhe projektet arkitektoniko-urbanistike, duhet të theksohet nevoja për zbatimin e Planit për menaxhim me rajonin Ohër-Strugë në përgatitjen e projekteve ideore dhe themelore,,

Прилог / Shtojcë:

- заверена копија од урбанистичкиот план за кој се однесува барањето со легенда, табела за нумерички податоци и општо услови за градење / Kopja e verifikuar e planit urbanistik që ka të bëjë me kërkesën, me legjendë, tabela për të dhëna numerike dhe kushte të përgjithshme për ndërtim.

3. ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ:	2. PJESA TEKSTUALE:
- Параметри за спроведување на планот	- Parametra për realizimin e planit
3.ПОДАТОЦИ ЗА ПОСТОЈНА ИНФРАСТРУКТУРА И ПРИКЛУЧОЦИ:	**3. TË DHENA PËR INFRASTRUKTURËN EKZISTUESE DHE KYÇJE :**
Напојувањето со вода ќе се врши од постојната водоводна мрежа, додека отпадните води да се прифатат во канализациона мрежа.	Furnizimi me ujë do të kryhet nga rrjeti ekzistues i ujësjellës, ndërsa ujërat e zeza të pranohen në rrjetin kanalizues.
Напојувањето со електр.енергија ќе се врши од постојната мрежа под услови пропишани од ЕВН-Македонија,КЕЦСтруга.	Furnizimi me energji elektrike do të kryhet nga rrjeti ekzistues sipas kushteve të përshkruara nga EVN – Maqedoni EQSH – Strugë.
При архитектонското обликување на градбата да се води сметка истата архитектонско – урбанистички да се вклопи во непосредната околина и постојните објекти, при што треба да се има во предвид и конфигурацијата на теренот.	Gjatë formësimit arkitektonik të ndërtimit të mbahet llogari që i njëjti në mënyrë arkitektonike – urbanistike të përshtatet me mjedisin dhe objektet ekzistuese, dhe gjatë kësaj duhet të kihet parasysh edhe konfiguracioni i terrenit.

изготвил / përpiloi: **Ѓоревски Стефчо / Gjorevski Stefço**

.....

контролирал / kontrolloi: **Ресул Хани / Resul Hani**


.....

Градоначалник / Kryetar i komunës

Менди Ќура/ Mendi Qyra

.....

Бр. на ГП	Површина на Г.П. (м2)	Процент на изграденост (%)	Коефициент на искористеност	Површина на објект		Max. катност	Max. висина (м)	Намена.употреба на зем.и град.согласно ДУП
				Max.површина за градење (м2)	Вкупно изградена површина (м2)			
9.1.1	464,21	61,21	2,45	284,13	1136,52	П+2+пк	10.2м	А1-Домување во станбени куќи
9.1.2	446,76	61,15	2,45	273,19	1092,76	П+2+пк	10.2м	А1-Домување во станбени куќи
9.1.3	2231,93	89,26	0,89	1992,19	1992,19	П	не се план.развој	Г4-Стоваришта
9.1.4	708,16	60,48	2,42	428,30	1713,20	П+2+пк	не се план.развој	А1-Домување во станбени куќи
9.1.5	869,45	58,67	3,52	510,12	3060,72	П+4+пк	16.2м	А4-Времено сместување
9.1.6	518,17	66,71	4,00	345,66	2073,96	П+4+Пк	16.2м	А4-Времено сместување



PRO – ENGINEERING
Про-Инженеринг
Градски пазар на кат лок бр.20 тетово
Tregu i gjelbrit ne kat lok nr.20 Tetovë
Musa Mustlija 070 240 207

SHOQATA PËR PROJEKTIM,PLANIFIKIM, NDËRTIM, TREGËTI DHE SHËRBIME
DRU[TVO ZA PROEKTIRAWE,PLANIRAWE, GRADE@NI[TVO, TRGOVIJA I USLUGI
COMPANY FOR DESIGNING,PLANNING, BUILDING, TRADE AND SERVICE

Детален урбанистички план за УЕ 2 дел од Блок 9/1 во Струга, опфат помеѓу ул. „Новопроектирана 1„, ул. Ул. „Маршал Тито“ и „Пртистапна улица„КО Струга- општина Струга

ПЛАНСКИ ПЕРИОД

2017-2022

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

ЛЕГЕНДА:

- Граница на плански опфат 7813,36 m2
- U-1.4-Граница на блок
- U-3.1.РЛ - Регулациона линија
- U-3.2-Линија на парцела
- U-4.1-ГЛ - Градежна линија
- U-5.1-Елементи на сообраќајница
- **Б9.1** Нумерација на блок
- 9.1.1 Нумерација на град ежна парцела
- **П+4+Пк** Катност
- **H=16.20м** Максимална висина

НАМЕНА НА ПОВРШИНИ

- A1 Домување во станбени куќи
- A4 Времено сместување
- Г4 Стоваришта
- E1 Комунална инфраструктура-сообраќајници

КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

- U-6.1.2-Планирани водоводни инсталации
- U-6.2.2-Планирана фекална канализиација
- U-6.3.2-Планирана атмосферска канализација
- U-6.5.2-Планирана електрика
- U-6.6.2-Планирана телекомуникациска мрежа

СООБРАЌАЈНИ ПОВРШИНИ

- Коловоз
- Тротоар

ПЛАНИРА:	**ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ, ПЛАНИРАЊЕ, ГРАДЕЖНИШТВО, ТРГОВИЈА И УСЛУГИ ПРО-ИНЖЕНЕРИНГ ДОО ТЕТОВО**	УПРАВИТЕЛ: **Нермин Мустафи**
НАРАЧАТЕЛ:	Ајро Исат	**РЕВИЗИЈА:**
ДОНЕСУВАЧ:	Општина Струга	
ПЛАН:	ДУП за дел од блок 9 /1	
	Синтезен план	**ФАЗА:** ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА
ПЛАНЕР: дипл.инж.арх. **Елена Зафировска** овластување бр. 0362	**СОРАБОТНИЦИ:** дипл.инж.арх. **Лила Коцевска**; дипл.инж.арх. **Лирие Рамадани** овластув. бр. 0446	**ИНФРАСТРУКТУРА:** д.г.и. **Муса Муслија**
		Размер: **М = 1:1000**; Тех. бр. **04-05/2017**
		Дата: **ноември, 2018**; Прилог: **бр: 05**

Б. ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА НА ДУП ЗА, ОПШТИНА СТРУГА

1. ВИД НА ПЛАНОТ, НАЗИВ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

Предлог **Деталниот урбанистички план за УЕ 2 дел од Блок 9/1 во Струга,опфат помеѓу ул.”Новопроектирана 1”, ул. ”Маршал Тито” и ”Пристапна улица”,КО Струга,општина Струга(2017-2022)** се изработува врз основа на член 11 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл.Весник на РМ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16), член 7 од Правилникот за поблиската содржина, форма и начин на обработка на генерален урбанистички план, детален урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план за вон населено место и регулациски план на генерален урбанистички план, формата, содржината и начинот на обработка на урбанистичко-плански документации и архитектонско-урбанистичкиот проект и содржината, формата и начинот на обработката на проектот за инфраструктура (“Сл.Весник на РМ бр.142/15), како и согласно Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр: 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16 и 134/16) и другата законска регулатива од областа на уредувањето на просторот и урбанистичкото планирање.

Подрачјето на планскиот опфат ДУП-от за УЕ 2 дел од Блок 9/1 во Струга, опфат помеѓу ул.”Новопроектирана 1”, ул. ”Маршал Тито” и ”Пристапна улица”, КО Струга, општина Струга е со површина од 7813 м2. Границата на планскиот опфат на Деталниот урбанистички план за УЕ 2 дел од Блок 9/1 во Струга, опфат помеѓу ул.”Новопроектирана 1”, ул. ”Маршал Тито” и ”Пристапна улица”, КО Струга, општина Струга во графичкиот дел од планската документација е прикажана со линија која ги поврзува сите прекршни точки, каде отчитувањето на координатите ќе биде во електронска форма.

Предметниот плански опфат од северозападната страна се совпаѓа со осовината на „Пристапна улица 1“, од североисточната страна со осовината на„Пристапна улица 1“,од југоисточната страна со осовината на улица„Маршал Тито“ и од југозападната страна со осовината на „Новопроектирана улица“.

Предметниот плански опфат е со површина од 7813м2.

2. ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ, РЕГУЛАЦИОНИ ЛИНИИ И ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ

Подрачјето на планскиот опфат за ДУП за УЕ 2 дел од Блок 9/1 во Струга, опфат помеѓу ул.”Новопроектирана 1”, ул. ”Маршал Тито” и ”Пристапна улица”, КО Струга, општина Струга е со површина од 7813м2. Границата на планскиот опфат на Деталниот урбанистички план за УЕ 2 дел од Блок 9/1 во Струга, опфат помеѓу ул.”Новопроектирана 1”, ул. ”Маршал Тито” и ”Пристапна улица” ,КО Струга, општина Струга (2017-2022) во графичкиот дел од планската документација е прикажана со линија која ги поврзува сите прекршни точки, каде отчитувањето на координатите ќе биде во електронска форма.

	x	y
1	7472856.74	4559336.38
2	7472852.57	4559354.10
3	7472848.42	4559371.94
4	7472837.92	4559378.49
5	7472774.86	4559363.92
6	7472774.17	4559366.95
7	7472771.53	4559366.33
8	7472767.03	4559365.29
9	7472763.40	4559364.48
10	7472749.97	4559361.46
11	7472757.51	4559337.28
12	7472760.61	4559329.83
13	7472764.16	4559322.25
14	7472767.90	4559315.16
15	7472769.37	4559312.56
16	7472770.39	4559310.90
17	7472770.47	4559310.77

18	7472772.14	4559308.05
19	7472774.55	4559304.13
20	7472778.31	4559298.72
21	7472783.60	4559291.63
22	7472793.90	4559278.14
23	7472808.43	4559282.07

24	7472832.74	4559289.08
25	7472841.12	4559291.62
26	7472865.30	4559298.12
27	7472862.59	4559309.92
28	7472859.74	4559322.40
29	7472857.04	4559334.86

Предметниот плански опфат од северозападната страна се совпаѓа со осовината на „Пристапна улица 1“, од североисточната страна со осовината на„Пристапна улица 1“,од југоисточната страна со осовината на улица„Маршал Тито“ и од југозападната страна со осовината на „Новопроектирана улица“.
Предметниот плански опфат е со површина од 7813.

Регулациските линии (регулационата линија и линијата на границата на градежната парцела) се прикажани во графичкиот прилог согласно планираната улична мрежа, која е превземена од ГУП от на Град Струга и постојнитот ДУП за овој локалитет.
Во предметниот плански опфат се планирани 93 градежни парцели, чија местоположба, граници, облик и големина се оформени врз основа на границите на катастарските парцели и планираната улична мрежа.

3. ДЕМОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Град	Број на жители			Број на домаќинства	Претпоставен Број на жители
	1961	1994	2002	1994	2025
Струга	**19768**	**35509**	**36892**	**10783**	**44598**

4. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИОТ КОНЦЕПТ ЗА ПРОСТОРНИОТ РАЗВОЈ И ХАРМОНИЗАЦИЈАТА НА ПРОСТОРОТ НА ПОДРАЧЈЕТО ВО РАМКИТЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

Планскиот концепт е поставен врз основа анализата на просторот, анализата на можностите за просторен развој и Планската програма. Планскот концепт е во директна зависност од планираната намена во ГУП –от Струга, големината на градежните парцели, оформување на уличната мрежа, природните фактори, конфигурадијата на теренот и од можностите за просторна композиција, односно естетско обликување на просторот. Планскиот концепт е условен и од мерките за заштита и спасување. Просторот нема посебни пејсажни вредности и претставува рамен терен. Целта на планскиот концепт е да изврши хармонизација на просторните, создадените и природните услови и да предвиди градби со функционална целина, со естетска препознатливост и најважно од се економски оправдана. Сообраќајниот концепт во основа е преземен од постојната планска документацијa и врз него не се вршат никакви измени. Вака превземената сообраќајна мрежа овозможува нормално одвивање на сообраќајот до планираните градби.

5. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА ЗА ИЗГРАДБА НА НАМЕНСКАТА УПОТРЕБА НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

Со овој Детален урбанистички план врз основа на намените планирани со ГУП –от на град Струга се планира наменска употреба на земјиштето, која согласно член 28 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на Р.М. број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16 и 134/16) е:

- А1 – домување во станбени куќи, која ги опфаќа сите видови станбени куќи со дворови, како градби со максимум четири (4) станбени единици;

- А4-времено сместување;

- Г4 – стоваришта;

- Е1 – комунална инфраструктура

Урбанистичките параметри во секоја градежна парцела се планираат согласно член 53 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на Р.М. број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16 и 134/16). Задоволувањето на бројот на паркинг места во однос на планираната површина за градба ќе се реализира во рамки на секоја градежна парцела и истото ќе биде услов за реализирање на вкупната изградена површина и максималната висина на градбата до венец.

6. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ

Со Условите за градење се утврдува уредување и користење на просторот во рамките на планскиот опфат на УЕ 2 дел од Блок 9/1 во Струга, опфат помеѓу ул.”Новопроектирана 1”, ул. ”Маршал Тито” и ”Пристапна улица”, КО Струга, општина Струга. Границата на планскиот опфат на Предлог Деталниот урбанистички план за УЕ 2 дел од Блок 9/1 во Струга, опфат помеѓу ул.”Новопроектирана 1”, ул. ”Маршал Тито” и ”Пристапна улица”, КО Струга, општина Струга, кој во случајов е составен од 6 градежни парцели и истите претставуваат основа за изработка на основен проект или архитектонско – урбанистички проект при издавање на одобрението за градење на предметните градби во градежните парцели.
Основа за изработка на Општи услови за градење е Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16), Правилникот за поблиската содржина, форма и начин на обработка на генерален урбанистички план, детален урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план за вон населено место и регулациски план на генерален урбанистички план, формата, содржината и начинот на обработка на урбанистичко-плански документации и архитектонско-урбанистичкиот проект и содржината, формата и начинот на обработката на проектот за инфраструктура (“Сл.Весник на РМ бр.142/15) и Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр: 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16 и 134/16).

Градежни линии

Градежната линија претставува граница на површината за градење во градежната парцела и ја дефинира просторната граница во која градбата може да се гради. Растојанието меѓу градежните линии и границата на градежната парцела е утврдена и

котирана во графичките прилози на ДУП –от за секоја градежна парцела.

Градежната линија се спроведува со дозволени пречекекорувања согласно условите пропишани во член 36 од Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр: 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16 и 134/16).

Површини за градење

Предметниот плански опфат претставува претежно изградено градежно земјиште. Согласно стандардите и нормативите за урбанистичко планирање преку изработката на ДУП -от, во градежните парцели се планира површина за градба согласно планираните класи на намена, и тоа:

- А1 – домување во станбени куќи, површина за градба од 985,62 м2, односно вкупно изградена површина од 3942,48 м^2.

- А4 – времено сместување, површина за градба од 855,78 м^2, односно вкупно изградена површина од 5134,68 м^2

- Г4 – стоваришта; површина за градба од 1992,19 м2, односно вкупна изградена површина од 1992,19 м2.

Диспозицијата на површините за градење и растојанијата помеѓу површината за градење и страните на градежните парцели за градбите со класа на намена А1 – домување во станбени куќи и А4- времено сместување се планирани согласно член 40 од Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр: 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16 и 134/16).

При проектирање на отвори на ѕидот од градбата да се почитува член 40 од Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр: 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16 и 134/16).

Во градежната парцела планирана со класа на намена Г4 – стоваришта во графичкиот прилог е приказана градежна линија во која се поставуваа комплексот од постојните градби, а диспозицијата на градбите за потребите на комплексот во случај на потреба за измена ќе се утврди преку изработка на архитектонско – урбанистички проект согласно член 51 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16).

Височина на градбите

Во предметниот плански опфат, преку изработката на овој ДУП, а во зависност планираната класа на намена и од големината на градежните парцели, градбите се планирани со следната височина:

- А1 – домување во станбени куќи - височина од 10,20 метри (спратност од П+2+Пк).

- А4- времено сместување - височина од 16,20 метри (спратност од П+4+Пк).

- Г4 – стоваришта – (спратност П).

Процент на изграденост

Процентот на изграденост на земјиштето е урбанистичка величина која ја покажува густината на изграденост, односно колкав дел од градежното земјиште е зафатен за градба и истиот е планиран согласно член 49 од Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр: 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16 и 134/16). Со изработката на ДУП - от, на ниво на

плански опфат, се планира процент на изграденост од 49,10%.

Коефициент на искористеност

Коефициентот на искористеност е урбанистичка величина која го покажува интензитетот на изграденост на градежното земјиште и истиот е планиран согласно член 50 од Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр: 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16 и 134/16). Со изработката на ДУП - от, на ниво на плански опфат е планиран коефициент на искористеност од 1,54.

Паркирање

Паркирањето е решено во рамките на планскиот опфат, односно во самата градежна парцела. Паркирањето да биде согласно член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на Р.М. број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16 и 134/16) и потребниот број на паркинг места да биде услов за реализација на планираната површина за градба и максималната висина на градбата.

Услови за движење на инвалидизирани лица

За обезбедување услови за движење на инвалидизирани лица важат истите одредби од точка 13 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на Р.М. број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16 и 134/16).

Мерки за заштита

Обврзно треба да се почитуваат мерките за заштита на животната средина и природата, при изготвувањето на идејните и на основните проекти за комплексот градби и проектите за градби на инфраструктура, согласно Законот за животна средина (Сл. весник на Р.М. број 53/05, 81/05, 24/07 ,159/08, 82/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 и 39/16). Обврзно треба да се почитуваат мерките за заштита и спасување при изготвувањето на идејните и на основните проекти за комплексот на градби и инфраструктурата, согласно Законот за одбрана (Сл.в.на РМ бр.42/01, 5/03, 58/06, 110/08, 51/11, 151/11, 185/11 и 215/15), Законот за заштита и спасување (Сл.в.на РМ бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15 и 106/16), Законот за пожарникарство (Сл.весник.на РМ бр 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15 и 39/16) и Законот за управување со кризи (Сл.весник.на РМ бр.29/05, 36/11, 41/14, 104/15 и 39/16). При уредувањето на градежната парцела, обврзно да се предвиди заштитен појас, меѓу одредени градби и простори, со широчина предвидена со нормативите, а која овозможува заштита од пожар. Вградувањето соодветен режим за заштита на недвижното културно наследство во урбанистички план се врши според заштитно-конзерваторски основи за културно наследство согласно чл. 71 од Законот за заштита на културно наследство (Сл. весник на РМ бр: 20/04, бр.71/04, бр.115/07, бр.18/11, бр.148/11 бр.23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15 и 39/16).

При издавање на одобрението за градба за се што со овие одредби не е пропишано или дефинирано, важат одредбите од Правилникот за поблиската содржина, форма и начин на обработка на генерален урбанистички план, детален урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план за вон населено место и регулациски план на генерален урбанистички план, формата, содржината и начинот на обработка на урбанистичко-плански документации и архитектонско-урбанистичкиот проект и содржината, формата и начинот на обработката на проектот за инфраструктура ("Сл.Весник на РМ бр.142/15) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на Р.М. број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16 и 134/16).

7. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ

Посебните услови за изградба се однесуваат на планираните градежни парцели во рамките на планскиот опфат и истите се дадени за секоја градежна парцела поединечно.

Градежна парцела 9.1.1

Класа на намена А1 – Домување во станбени куќи
Компатибилни класи на намена: Б1 – комерцијални и деловни намени до максимум 30%.
Максималниот дозволен процент на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена е 30%.
Површина на градежна парцела: 497,09 м^2
Површина за градба: 284,13 м^2
Вкупна изградена површина: 1136,52 м^2
Процент на изграденост: 57,16 %
Коефициент на искористеност: 2,29
Максимална височина: 10,20 м
Максимален број на катови: П+2+Пк
Максимална височина на нулта плоча во однос на котата на тротоарот: 1,20 м за намена – домување во приземјето, односно 30см за останатите компатибилни намени.

Потребниот број на паркинг места се дефинира според член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на Р.М. број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16 и 134/16). Обезбедување на потребниот број на паркинг места е основен услов за изградба до планираната максималната височина и вкупната изградена површина.
Паркирањето да се обезбеди во сопствена градежна парцела.

При изработка на идеен и основен проект да се почитуваат условите пропишани во член 36 и член 40 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на Р.М. број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16 и 134/16).

Колскиот пристап во градежната парцела е планиран од „Пристапна улица 2“.

Градежна парцела 9.1.2

Класа на намена А1 – Домување во станбени куќи
Компатибилни класи на намена: Б1 – комерцијални и деловни намени до максимум 30%.
Максималниот дозволен процент на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена е 30%.

Површина на градежна парцела: 484,56 м^2
Површина за градба: 273,19 м^2
Вкупна изградена површина: 1092,76 м^2
Процент на изграденост: 56,38 %
Коефициент на искористеност: 2,26
Максимална височина: 10,20 м
Максимален број на катови: П+2+Пк

Максимална височина на нулта плоча во однос на котата на тротоарот: 1,20 м за намена – домување во приземјето, односно 30см за останатите компатибилни намени.

Потребниот број на паркинг места се дефинира според член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на Р.М. број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16 и 134/16). Обезбедување на потребниот број на паркинг места е основен услов за изградба до планираната максималната височина и вкупната изградена површина.
Паркирањето да се обезбеди во сопствена градежна парцела.

При изработка на идеен и основен проект да се почитуваат условите пропишани во член 36 и член 40 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на Р.М. број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16 и 134/16).

Колскиот пристап во градежната парцела е планиран од „Пристапна улица 2“.

Градежна парцела 9.1.3

Постојна градба за која не се планира развој.

Класа на намена – Г4 – Стоваришта

Површина на градежна парцела: 2233,02 м^2
Површина за градба: 1992,19 м^2
Вкупна изградена површина: 1992,16м^2
Процент на изграденост: 89,22%
Коефициент на искористеност: 0,89
Број на катови: П

Градежна парцела 9.1.4

Постојна градба за која не се планира развој.

Класа на намена – А1 – Домување во станбени куќи
Површина на градежна парцела: 708,16 м^2
Површина за градба: 428,30 м^2
Вкупна изградена површина: 1713,20м^2
Процент на изграденост: 60,48%
Коефициент на искористеност: 2,42
Број на катови: П+2+пк

Градежна парцела 9.1.5

Класа на намена А4 – Времено сместување
Компатибилни класи на намена: Б1 – комерцијални и деловни намени до максимум 30%, Б3 – Големи угостителски единици 30%, В2 – Здравство и социјална заштита 30% и Д3 – спорт и рекреација до максимум 30%.
Максималниот дозволен процент на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена е 30%.

Површина на градежна парцела: 869,45 м^2
Површина за градба: 510,12 м^2
Вкупна изградена површина: 3060,72 м^2
Процент на изграденост: 58,67 %
Коефициент на искористеност: 3,52
Максимална височина: 16,20 м

Максимален број на катови: П+4+Пк
Максимална височина на нулта плоча во однос на котата на тротоарот: 1,20 м за намена – домување во приземјето, односно 30см за останатите компатибилни намени.

Потребниот број на паркинг места се дефинира според член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на Р.М. број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16 и 134/16). Обезбедување на потребниот број на паркинг места е основен услов за изградба до планираната максималната височина и вкупната изградена површина.
Паркирањето да се обезбеди во сопствена градежна парцела.

При изработка на идеен и основен проект да се почитуваат условите пропишани во член 36 и член 40 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на Р.М. број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16 и 134/16).

Колскиот пристап во градежната парцела е планиран од „Пристапна улица 2“.

Градежна парцела 9.1.6
Класа на намена А4 – Времено сместување
Компатибилни класи на намена: Б1 – комерцијални и деловни намени до максимум 30%, Б3 – Големи угостителски единици 30%, В2 – Здравство и социјална заштита 30% и Д3 – спорт и рекреација до максимум 30%.
Максималниот дозволен процент на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена е 30%.

Површина на градежна парцела: 518,17 м^2
Површина за градба: 345,66 м^2
Вкупна изградена површина: 2073,96 м^2
Процент на изграденост: 66,71 %
Коефициент на искористеност: 4,00
Максимална височина: 16,20 м
Максимален број на катови: П+4+Пк

Потребниот број на паркинг места се дефинира според член 57, 58 и 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на Р.М. број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16 и 134/16). Обезбедување на потребниот број на паркинг места е основен услов за изградба до планираната максималната височина и вкупната изградена површина.
Паркирањето да се обезбеди во сопствена градежна парцела.

При изработка на идеен и основен проект да се почитуваат условите пропишани во член 36 и член 40 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на Р.М. број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16 и 134/16).

Колскиот пристап во градежната парцела е планиран од „Пристапна улица 2“.

8. НАМЕНА И НАЧИН НА ИЗГРАДБА И КОРИСТЕЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ЈАВНА УПОТРЕБА

8.1. Планско решение на примарната и секундарната сообраќајна мрежа

Примарната сообраќајна мрежа во рамките на планскиот опфат е превземена од ГУП –от на град Струга, а секундарната сообраќајна мрежа е планирана согласно реализираната од важечките ДУП –ови и постојната состојба. Сообраќајната мрежа ја сочинуваат: од северозападната страна „Пристапна улица 1“, од

североисточната страна „Пристапна улица 1“,од југозападната страна улица„Маршал Тито“ и од северозападната страна „Новопроектирана улица“.

8.2. Нивелманско решение на секундарната улична мрежа и површините за јавна употреба

Уличната мрежа во рамките на планскиот опфат е делумно постојна и реализирана, и наклоните на реализираните улици се движат во границите на дозволеното.Новопроектираната собирна улица не е реализирана и истата е превземена од постојната планска документација.

8.3. Димензии на попрешните профили на сообраќајната инфраструктура и другите коридори за јавна употреба

Профилите на улиците се превземени од ГУП –от и ДУП –овите и се во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на Р.М. број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16 и 134/16).

Собирни улици:

- ул.„Новопроектирана“ со попречен профил од 22,0 м 2(2x3,5)+2x3 +2
- ул. „Маршал Тито“ со попречен профил од 19,0 м 2(2x3,25)+2x3

Пристапни улици:

- ул.„Пристапна улица 1“ со попречен профил од 5,5 м (2x2,75)
- ул.„Пристапна улица 2“ со попречен профил од 5,5 м (2x2,75)

Пешачка улица:

- ул.„Пешачка улица“ со попречен профил од 7-9 м.

9. ПЛАНСКИ РЕШЕНИЈА НА ВОДОВИТЕ И ОБЈЕКТИТЕ НА КОМУНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА

Во ДУП - от планските решенија на водовите и објектите од инфраструктурата: водоводната, канализационата, атмосферската, електричната и електронско-комуникациската инфраструктурна мрежа се планираат согласно планираното во постојната планска документација, реализираната инфраструктура и податоците добиени од надлежните институции.

9.1. Водоводна, канализациона и атмосферска мрежа

Снабдување на објектите со вода за пиење, противпожарна вода и друго, ќе се врши со приклучување на постојната водоводна мрежа, во согласност со надлежните органи во општината. Постојната водоводна мрежа го задоволува потребниот капацитет на снабдување со вода за пиење и противпожарана вода на планираните содржини во рамките на планскиот опфат. Затоа се задржуваат постојните профили со профил од Ф-150 мм како примарна водоводна мрежа преку кои се развива секундарната водоводна мрежа во внатрешноста на локалитетот а во едно служи и како транзитен цевковод. Кај Новопланираната улица се планира и нова водовдна мрежа со профил Ф-100 мм.

Потребната количина на вода ќе се пресметаат по изведени формули за та намена а истите количини ќе се обезбедат од градски водовод.

Нормата за водоснабдување и коефициентите на дневна и часовна нерамномерност се усвојуваат од Генералниот урбанистички план на град Струга.

Потребната количина на вода

$$Q_{мах/час} = \frac{Nk * Q_0 * a_1 * a_2}{24*60*60}$$

$$Q_{пож.} = 10,0 \text{ л/сек}$$

Nk – Предвиден број на жители
Q_0 = 250 л/ж/ден – Водоснабдителна норма
a_1= 1.5 – Коефициент на дневна нерамномерност
a_2 = 2.0 – Коефициент на часова нерамномерност
Потребна количина на вода за домување изнесува

$$Q_{мах/час} = 139 \text{ л/сек.}$$

Согласно добиените анализи профилите усвоени Ф-150мм ги задоволуваат потребите за снабдување со вода за пиење и против пожарна вода.

- **Разводна мрежа**

Ова потребна количина на вода до водокорисниците ќе се дистрибуира преку планираната дистрибутивна разводна мрежа. Разводната мрежа е планирана од полиетиленски цевки (ПЕ) Ф-100 мм до Ф-150мм
На разводната мрежа е планирана да се постават против пожарни хидранти, приклучоци, воздушни вентили, испусни вентили и други објекти потребни за нормално функсионирање на мрежата.

Канализациона мрежа

Во фекалната канализациона мрежа ќе се испуштаат санитарните отпадни води. Примарката фекална канализациона мрежа во зоната предвидено е да биде изведена од цевки со минимален дијаметар од 250мм. На канализационата мрежа ќе бидат изведени ревизиони и приклучни шахти и други објекти потребни за функционирање на канализационата мрежа.

-Вкупна количина на отпадна вода

Количините на фекалните отпадни води се сметаат на 80% од максималната часова потрошувачка на вода (q' max /cas) зголемени за 25 % од инфилтрирани подземни води q'фек = 80% q' max /cas x 1,25 = 80% x 139 x 1.25 = 139 л/сек.
Задолжително е испитување пред испуштање на пречистените води, со цел да се усогласат вредностите на концентрацијата на материите присутни во пречистената отпадна вода со граничните вредности на максимално дозволените концентрации на материите присутни во реципиентот, дадени во Уредбата за класификација на водите (Сл.в. на РМ бр. 18/99) член 4. Местоположбата на канализационите цевки е предвидена да биде по осовините на улици, тротоарите и делумно во зелените површини, со длабина која ќе овозможе нормално опслужување на корисниците, а и влевање на колекторите. За трајно решение на проблемите со одводнувањето на фекални отпадни води треба да се изработи Проект за инфраструктура - за фек. канализациона мрежа, каде ќе се предложат соодветните технички решенија.

Атмосферска нанализациона мрежа

Со Генералниот урбанистички план на град Струга планирано е сепарационен канализационен систем, се планира изведување на атмосферска канализациона мрежа преку целокупната површина, која ќе ја опфати целата површина. Водното количество со кое ќе се димензионира секој канал ќе зависи од припаднатата површина и коефициентот на истекување како и коефициентот на ретардација, во колку времето на истекување е поголемо од времето од усвоениот меродавен дожд.
Q атм =q x ∑ ф x Ψ x φ = 140 X9,5x 0,5 x 1,26 =837,9 лит/сек/ха

∑Ф - вкупна површина која се одводнува – 9,5 ха.
q - специфичен дебит (меродавен дожд за димензионирање) 140 лит/сек
ф - коефициент на истекување кој зависи од намена на површина - 0,5
φ - коефициент на ретардација, ќе се пресметува по формула на Биркли
φ=1/ n√F=1,75

каде се:
n - коефициентот зависи од падот на на теренот n = 4
F - површина која се одводнува;
F =9,5 ха.
За трајно решение на проблемите со одводнувањето на атмосферските отпадни води, потребно е да се изработат инфраструктурни проекти за атмосферска мрежа, кои ќе ги обработат и предложат соодветното техничко решенија со сите основни параметри, големини и карактеристики. Димензионирањето на атмосферската канализациона мрежа ќе се изврши на интензитет на врнежи со десет минупно траење секоја втора година. Вкупна количина на атмосферска вода
qatm = F x t x φ x Ψср = 9,5 X 187 x 1,26 x 0,6 = 1343 л/сек.
F – 9,5 ха припадна сливна површина
t -187 л/сек/ха, интензитет на врнежи

Ψ ср - 0,6 коефициент на истекување

9.2 Електроенергетска инфраструктура и јавно осветлување

Градбите во предметниот плански опфат се поврзани на нисконапонска електрична мрежа. Задоволувањето на релните потреби на градбите од електрична енергија за нивното непречено функционирање е утврдено со следната пресметка:
- Едновремена снага за просечен стан стан е : Pe'=13,3 kW
- Коефициентот на едновременост на бесконечен број на станови f'=0.15
- Едновремена снага за просечен стан за затоплување (греење) Pe''=2,0 kW
- Коефициент на едновременост на бесконечен број на станови за f''=0.9

Коефициент на едновременост за група од "n" станови се пресметува:

$$f_{n'} = f + \frac{1-f'}{\sqrt{n}}$$

$$f_{n''} = f + \frac{1-f''}{\sqrt{n}}$$

f' и f'' – Коефициент на едновременост на група на "n" станови

n-број на станбени единици (општа потрошувачка и потрошувачка за затоплување)

Вкупната едновремена снага за „n" станови се пресметува

Pen'= fn'* n * Pe' (општа потрошувачка)

Pen''= fn''* n * Pe' (Потрошувачка за затоплување), 50% од вкупниот број на станови.

Вкупната потребна едновремена ел. Снага, за станбените објекти, индустриските и комерцијалните објекти во локалитетот изнесува:

Pen ст.=5088 kW

Во рамките на планскиот опфат има една 20кВ трафостаници која е сосема доволна за овој опфат па и пошироко за снабдување до потрошувачите со електрична енергија.
Се планира да се води 10 кВ подземен електричен кабел по главните сообраќајници непосредно до тротоарот а и постојните воздушни лини остануваат во постоечка состојба.

- Јавно осветлување

Во локалитетот сообраќајниците во поглед на светлотехнички карактеристики, се класифицират во следните светлотехнички параметри:
Класа -Локални сообраќајници во станбени населби:

- Сјајност на коловозот ---------- Lm=1-1.5 cd/m3
- Просечна рамномерност ---------- J_{LM} = 40%- Висина
- Висина на монтажа ---------- H= 8-10 m
- Начин на поставување ---------- еднореден
- Меѓусебно растојание ---------- 25-35m

9.3 Телекомуникациска инфраструктура

Димензионирањето на телефонската мрежа треба да се изведе према принципот стан-телефон, а за јавните содржини се определува према нивната големина (површина), функција, број на вработени и сл.
Од ова произлегува дека во локалитетот е потребно да се обезбедат околу 10 телефонски нови приклучоци.
Самото приклучување во постојната телефонска мрежа на планираните телефонски корисници ќе се изврши од најблиската реонска телефонска централа. Приклучувањето да се изврши во согласност со АД Македонски телекомуникации-Скопје, работна единица Струга.

9.4 Гасоводна мрежа

На планскиот опфат нема планирана траса на гасоводна мрежа.

10. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО, ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА, МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И МЕРКИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА БАРИЕРИ ЗА ЛИЦАТА СО ИНВАЛИДНОСТ

Мерки за заштита на културното наследство, конзерваторски основи

Вградувањето соодветен режим за заштита на недвижното културно наследство во просторен и урбанистички план се врши според заштитно-конзерваторски основи согласно чл. 71 од Законот за заштита на културно наследство (Сл. весник на РМ бр: 20/04, бр.71/04, бр.115/07, бр.18/11, бр.148/11 бр.23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15 и 39/16) и Правилникот за содржина и методологија за изработка на заштитно-конзерваторски основи за културно наследство (Сл. весник на РМ бр: 111/05).
Согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16) во просторните и урбанистички планови, врз основа на документацијата за недвижното културно наследство, задолжително се утврдуваат плански мерки за заштита на спомениците на културата, како и насоки за определување на режимот на нивната заштита.
Во рамките на планскиот опфат нема заштитени добра и добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство. Но доколку при реализација на овој ДУП при земјаните работи дојде до откривање на објекти, односно предмети (целосно зачувани или фрагментирани) од материјалната култура на Република Македонија, треба да се постапи во согласност со одредбите од член 65 од Законот за заштита на културното наспедство (Сл. весник на РМ бр: 20/04, бр.71/04, бр.115/07, бр.18/11, бр.148/11 бр.23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15 и 39/16).
Предметниот простор се наоѓа во границите на „Охридското природно и културно-историско подрачје“ (Решение бр. 03-461 од 08.12.1978 год.) и претставува дел од природното и културното наследство на Охридскиот регион заштитен од УНЕСКО.
Побарано е мислење од Комисијата за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион и од нивна страна е добиено позитивно мислење со допис бр. 34 – 2087/6 од 22.10.2018 год. кој е во прилог прикачен погоре.
Поради тоа при реализација на планот треба да се води сметка за вклопување на идните градби во амбиентот.

Заштита на животната средина

Анализата на влијанијата врз животната средина како превентива има за цел да ги идентификува можните проблеми, да ги рационализира трошоците и да направи оптимален избор на мерките за заштита на животната средина. За разлика од "пасивниот" пристап (со кој се применуваат заштитни мерки по настанатиот проблем, што претставува финансиско оптоварување на производителите и давачите на услуги, општеството во целост како основна причина за натрупување на нерешените проблеми и загадување на животната средина), превентивната заштита на животната средина се трансформира во елемент на развој и појдовна основа за глобалното управување со животната средина засновано врз принципите на одржлив развој.

Заштитата и унапредувањето на животната средина е темелна вредност на Уставот на РМ (Член 8) и е регулирана со Законот за животната средина (Сл. весник на Р.М. број 53/05, 81/05, 24/07 ,159/08, 82/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 и 39/16). Планските решенија, покрај другите фактори суштествени при дефинирање на Плановите произлегуваат и од факторот - заштита и унапредување на животната средина.

Превентивната заштита на животната средина претставува еден од елементите на развој и појдовна основа за глобално управување со животната средина, засновано врз принципите на одржлив развој. Заштитата на животната средина е императив на овој план.

На заштитата и унапредувањето на квалитетот и состојбата на медиумите на животната средина (воздух, вода, почва), на областите на животната средина, на биолошката разновидност и другите природни богатства, како и на заштитата на озонската обвивка и заштитата од негативното влијание на човекот врз климатскиот систем покрај одредбите на закон за животна средина се применуваат и одредбите на законите за одделни медиуми и области на животната средина.

Заштитата на медиумите и одделните области на животната средина се постигнува преку превземање на мерки и активности кои се однесуваат на заштитата од штетни влијанија утврдени со законот за животната средина и посебните закони, од:

- вршењето различни дејности;
- загадувачките супстанци и технологии;
- отпадот;
- бучавата и вибрациите;
- јонизирачкото и нејонизирачкото зрачење;

Заштитата и унапредувањето на животната средина е систем на мерки и активности (општествени, политички, социјални, економски, технички, образовни и др.) со кои се обезбедува поддршка и создавање услови за заштита од загадување, деградација и влијание на/врз медиумите и одделните области на животната средина (заштита од осиромашување на озонската обвивка, спречување на штетната бучава и вибрации; заштита од јонизирачко и од нејонизирачко зрачење, заштита од непријатна миризба и користење и депонирање на отпадоците и друг вид на заштита на животната средина).

Животната средина е простор со сите живи организми и природни богатства, односно природните и создадените вредности, нивните меѓусебни односи и вкупниот простор во кој живее човекот и во кој се сместени населбите, добрата во општа употреба, индустриските и другите објекти, вклучувајќи ги и медиумите и областите на животната средина.

Загадување на животната средина е емисија на загадувачки материи и супстанции, која е резултат на човековата активност, во воздухот, водата или почвата, којашто може да биде штетна за квалитетот на животната средина, животот и здравјето на луѓето или, емисија од која што може да произлезе штета за имотот или која ги нарушува или влијае врз биолошката и пределската разновидност и врз другите пропишани начини на користење на животната средина.

За реализација на системот за заштита на животната средина потребно е да се почитува следното:

- зачување на амбиенталните, есетските и рекреативните потенцијали на просторот;
- изградба на современа инфраструктура;
- селектирано и организирано депонирање на отпадот со контролиран транспортен систем во регионалната санитарна депонија.
- озеленување на дворните површини со високо и ниско зеленило кои значително ќе придонесе за микроклимата на овој дел
- заштита на планираните коридори наменети за енергетска инфраструктура од градба на објекти и друга инфраструктура.

При преземањето активности или при вршењето дејности да се обезбеди висок степен на заштита на животната средина и на животот и здравјето на луѓето кои претстојуваат тука.
Загадувачот е должен да ги надомести трошоците за отстранување на опасноста од загадување на животната средина, да ги поднесе тршоците за санација и да плати правичен надомест за штетата причинета врз животната средина, како и да ја доведе животната средина, во најголема можна мерка, во состојба како пред оштетувањето.

Мерки за заштита на водата

Заштитата на водата се третира како превентивна заштита. Превентивната заштита на водата при подземно водење на инфраструктурните водови за водоснабдување и прифаќање на отпадните води, како подземни инсталации, се однесува во нивната монтажа, експлоатација, одржување и интервенција. Инфраструктурните водови треба да бидат поставени во согласност со постојните технички нормативи и стандарди кои ќе ја обезбедат нивната сигурност, безбедност и долготрајност во експлоатацијата, ракувањето и одржувањето. Изборот на материјалите да биде во согласност со важечките стандарди и нормативи. Согласно планираните класи на намена во рамките на планскиот опфат на селото не се очекува да дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности, квалитетот, количината и режимот на површинските и подземните води.

Мерки за заштита на почвата

Согласно планираната класа на намена во во рамките на планскиот опфат на селото не се очекува загадување на почвата од отпадни води, пестициди, тешки метали и сл.

Управување со отпад

Со овој ДУП се предвидува избегнување и намалување на количеството на создадениот отпад и неговото негативно влијание врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. При управувањето со отпадот, се предвидува истиот организирано да се прифати, да се транспортира и депонира во регионалната санитарна депонија ″Кај Буково″ Охрид.
Согласно член 7 од Законот за управување со отпад (Сл.весник на РМ бр.140/10, 47/11, 148/11, 39/12, 163/13, 146/15 и 39/16) создавачите на отпад се должни во најголема мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. При управување со отпадот по претходна извршена селекција, отпадот треба да биде преработен по пат на рециклирање, повторно употребен во истиот или во друг процес за екстракција на секундарните суровини или пак да се искористи како извор на енергија.

Мерки за заштита од бучава

Со оглед на планираните намени во рамките на планскиот опфат на градот не се потребни дополнителни мерки за заштита од бучава.

Мерки за заштита и спасување

Согласно Законот за одбрана (Сл.в.на РМ бр.42/01, 5/03, 58/06, 110/08, 51/11, 151/11, 185/11 и 215/15), Законот за заштита и спасување (Сл.в.на РМ бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15 и 106/16), Законот за пожарникарство (Сл.весник.на РМ бр 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15 и 39/16) и Законот за управување со кризи (Сл.в.на РМ бр.29/05, 36/11, 41/14, 104/15 и 39/16) и Законот за управување со кризи (Сл.весник.на РМ бр.29/05, 36/11, 41/14, 104/15 и 39/16), задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.

Мерките за заштита и спасување се остваруваат преку организирање на дејства и постапки од превентивен карактер, кои ги подготвува и спроведува Републиката преку органите на државната управа во областа за кои се основани.

Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат при планирањето и уредувањето на просторот, во плановите како и при изградба на објекти и инфраструктура, согласно Уредбата за начинот на применување на мерките за заштита и спасување, при планирање и уредување на просторот и населбите, во проектите и изградба на објектите (Сл весник на РМ бр; 105/05), како и учество во техничкиот преглед.

1. Согласно критериумите од член 62 од Законот за заштита и спасување засолнувањето опфаќа, планирање, изградба, одржување и користење на јавни засолништа. Потребниот број на засолнишни места се утврдува според намената на објектот и новопроектираната корисна површина, а степенот на заштита се определува според утврдениот потребен број на засолнишни места и Одлуката за утврдување на загрозени зони (Сл. Весник на РМ бр.105/05);

Јавните засолништа се планираат согласно Програмата на Владата за мерките за заштита и спасување, а истите се вградуваат во урбанистичките планови.

Мерките за заштита и спасување се однесуваат на заштита од природни непогоди и други несреќи, во мир и во војна и од воени дејствија.

Мерки за заштита од природни непогоди и други несреќи

Мерки за заштита од земјотреси

Заштитата од урнатини како превентивна мерка се утврдува во урбанистичките планови во текот на планирање на просторот. Во Урбанистичкиот план за село е утврден претпоставениот степен на урнатини, нивниот однос према слободните површини и степенот на проодност на собраќајниците, врз основа на што е изработено планираното решение.

> За трусноста на подрачјето се донесени заклучоци врз основа на анализи и статистики на земјотресите што се случиле во претходниот период. Во поширокиот круг на Полог земјотресите биле со јачина од 7 – 9 степени МКС. Површински целата територија на општината е потенцијално активна до 8 степени по МКС.

Се предвидува асеизмична градба.

Во случај на можни разурнувања, планираните решенија на уличната мрежа обезбедува:

- брза и непречена евакуација на луѓето (нема тесни грла на сообраќајниците)
- брз пристап на екипите за спасување и нивните специјални возила,
- непречена интервенција во кругот на катастрофата,
- штетите да се сведат на минимум,
- брза санација на последиците.

Другите елементи за заштита од земјотреси, како природна катастрофа, да се утврдат со посебниот елаборат за асеизмична градба во делот на статиката и динамичка анализа на градбата, како составен дел на Основниот план.

Мерки за заштита од поплави

Просторот не е подлежен на поплави, со оглед на конфигурацијата на теренот.

Мерки за заштита од атмосферски непогоди

Со цел за поефикасна заштита обавезно е предвидување на современа громобранска инсталација на градбата и нејзино континуирано одржување.

Мерки за заштита од пожар

При изработката на овој ДУП се предвидени пропишани мерки за заштита од пожари, согласно Законот за заштита и спасување (Сл.в.на РМ бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15 и 106/16) и Законот за пожарникарство (Сл.весник.на РМ бр 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15 и 39/16) и други позитивни прописи со кои е регулирана оваа проблематика. Уредите и постројките треба да се изведуваат на начин да не претставуваат опасност за предизвикување на пожари и експлозии.
Од урбанистички аспект противпожарната (ПП) заштита се предвидува од аспект на:

- брз и непречен пристап до градбите
- градбите се предвидуваат од тврда градба, со примена на огноотпорни материјали,
- при планирањето е водено сметка за обезбедување на доволни растојанија меѓу објектите
- со сообраќајното решение и начинот на кој се предвидува изградбата на објектите овозможен е пристап на противпожарно возило од повеќе страни.
- Сообраќајниците се со доволна ширина, а потребно е да се изведат со задоволувачки осовински притисок, што овозможува непречено и брзо движење на противпожарните возила,
- во градот Струга се наоѓа противпожарна единица, која е опремена со противпожарни возила и со обучени лица за дејствување во случај на пожар
- обезбедена е доволна количина на вода за гасење на пожар

Постојната сообраќајна инфраструктура, овозможува непречена интервенција на противпожарните возила.
Другите елементи за противпожарна заштита ќе се утврдат со посебниот елаборат за противпожарна заштита како составен дел на Основниот проект за градбата. Исто така потребно е да се предвидат надворешни противпожарни хидранти на растојание од 150 метри што одговара на прописите за надвотешните противпожарни хидранти во населени места да бидат максимално оддалечени Л=150 метри.

Мерки за заштита од воени разурнувања

Во случај на воени разурнувања планскиот концепт и предвидената улична мрежа со своите патни планирани елементи, нејзината поставка, наклоните и широчините на профилите, овозможуваат:

- брза и непречена евакуација на луѓето
- брз пристап на екипите за спасување и нивните специјални возила,
- непречена интервенција,
- штетите да се сведат на минимум,
- брза санација на последиците.

Не се очекува затрупување на улиците со урнатини, бидејќи истите се со големи ширини,
Другите елементи за заштита од воени разурнувања, да се утврдат со основниот план, посебно за градбата.

Мерки за спречување на бариери за лицата со инвалидност

За непречено движење на лицата со инвалидитет, јавните површини за движење на пешаците како што се тротоарите и пешачките патеки во деловите на раскрсниците да се реализираат со континуирана нивелета без скалести денивелации со подолжен наклон од најмалку 8,33%.
За јавните пешачки површини на терен со големи висински разлики кои мораат да се совладаат со скали, треба да се реализира алтернативна врска со рампа со максимален пад од 8,33% или во однос 1:2.
При реализирање на уличната мрежа да се предвидат рампи на секој пешачки премин за совладување на денивелацијата помеѓу тротоарот и коловозот.

НУМЕРИЧКИ ДЕЛ

1. Нумерички показатели

Бр. на ГП	Површина на Г.П. (м2)	Процент на изграде-ност (%)	Коефици-ент на искорис-теност	Површина на објект		Max. катност	Max. висина (м)	Намена.употреба на зем.и град.согласно ДУП
				Max.површина за градење (м2)	Вкупно изградена површина (м2)			
9.1.1	464,21	61,21	2,45	284,13	1136,52	П+2+пк	10.2м	А1-Домување во станбени куќи
9.1.2	446,76	61,15	2,45	273,19	1092,76	П+2+пк	10.2м	А1-Домување во станбени куќи
9.1.3	2231,93	89,26	0,89	1992,19	1992,19	П	не се план.развој	Г4-Стоваришта
9.1.4	708,16	60,48	2,42	428,30	1713,20	П+2+пк	не се план.развој	А1-Домување во станбени куќи
9.1.5	869,45	58,67	3,52	510,12	3060,72	П+4+пк	16.2м	А4-Времено сместување
9.1.6	518,17	66,71	4,00	345,66	2073,96	П+4+Пк	16.2м	А4-Времено сместување


2. Билансни показатели

Споредбените билансни показатели се систематизирани нумерички вредности, кои произлегуваат од планското решение на овој ДУП и постојната состојба. Со планското решение на овој ДУП се зголемува изградената површина и тоа од постојната 3326 м2 на 3833 м2. Со планирање на нови услови за градење и зголемување на спратноста на градбите се зголемува вкупно изградената површина и тоа од 6677 м2 во постојна состојба на 11069м2. Исто така се зголемува и процентот на изграденост и тоа од 39,09 % во постојна состојба на 49,06% со планираните површини за градење, а коефициентот на искористеност се зголемува од 0,73 на 1,42.

за работниот тим:

Елена Зафировска, дипл.инж.арх. овластување бр: 0.0362

Овластен планер за изработка на ДУП



PRO – ENGINEERING
Про-Инженеринг
Градски пазар на кат лок бр.20 тетово
Tregu i gjelbrit ne kat lok nr.20 Tetovë
Musa Muslija 070 240 207

Детален урбанистички план за УЕ 2 дел од Блок 9/1 во Струга, опфат помеѓу ул. „Новопроектирана 1„, ул. Ул. „Маршал Тито“ и „Пртистапна улица„КО Струга- општина Струга

ПЛАНСКИ ПЕРИОД
2017-2022

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

ЛЕГЕНДА:

- U-1.4-Граница на блок
- U-3.1.РЛ - Регулациона линија
- U-3.2-Линија на парцела
- U-4.1-ГЛ - Градежна линија
- U-5.1-Елементи на сообраќајница

ПЛАНИРА:	**ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ, ПЛАНИРАЊЕ, ГРАДЕЖНИШТВО, ТРГОВИЈА И УСЛУГИ ПРО-ИНЖЕНЕРИНГ ДОО ТЕТОВО**		УПРАВИТЕЛ: **Нермин Мустафи**
НАРАЧАТЕЛ:	Ајро Исат		**РЕВИЗИЈА:**
ДОНЕСУВАЧ:	Општина Струга		
ПЛАН:	ДУП за дел од блок 9 /1		
	Регулационен план		**ФАЗА:** **ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**
ПЛАНЕР:	**СОРАБОТНИЦИ:**	**ИНФРАСТРУКТУРА:**	Размер: **М = 1:1000** / Тех. бр. **04-05/2017**
дипл.инж.арх. **Елена Зафировска** овластување бр. 0362	*дипл.инж.арх.* **Лила Коцевска**; *дипл.инж.арх.* **Лирие Рамадани** овластув. бр. 0446	*д. г. и.* **Муса Муслија**	Дата: **ноември, 2018** / Прилог: **бр: 01**



PRO – ENGINEERING
ПроИнженеринг
Градски пазар на кат лок бр.20 тетово
Tregu i gjelbrit ne kat lok nr.20 Tetovo
Musa Muslija 070 240 207

SHOQATA PËR PROJEKTIM,PLANIFIKIM, NDËRTIM, TREGËTI DHE SHËRBIME
DRU[TVO ZA PROEKTIRAWE,PLANIRAWE, GRADE@NI[TVO, TRGOVIJA I USLUGI
COMPANY FOR DESIGNING,PLANNING, BUILDING, TRADE AND SERVICE

Детален урбанистички план за УЕ 2 дел од Блок 9/1 во Струга, опфат помеѓу ул. „Новопроектирана 1„, ул. Ул. „Маршал Тито“ и „Пртистапна улица„КО Струга- општина Струга

ПЛАНСКИ ПЕРИОД

2017-2022

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

ЛЕГЕНДА:

- Граница на плански опфат 7813,36 m2
- U-1.4-Граница на блок
- U-3.1.РЛ - Регулациона линија
- U-3.2-Линија на парцела
- U-4.1-ГЛ - Градежна линија
- U-5.1-Елементи на сообраќајница
- Б9.1 Нумерација на блок
- 9.1.1 Нумерација на градежна парцела
- П+4+Пк Катност
- H=16.20м Максимална висина

НАМЕНА НА ПОВРШИНИ

- A1 Домување во станбени куќи
- A4 Времено сместување
- Г4 Стоваришта
- Е1 Комунална инфраструктура-сообраќајници

ПЛАНИРА:	ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ, ПЛАНИРАЊЕ, ГРАДЕЖНИШТВО, ТРГОВИЈА И УСЛУГИ ПРО-ИНЖЕНЕРИНГ ДОО ТЕТОВО		УПРАВИТЕЛ: Нермин Мустафи
НАРАЧАТЕЛ:	Ајро Исат		РЕВИЗИЈА:
ДОНЕСУВАЧ:	Општина Струга		
ПЛАН:	ДУП за дел од блок 9 /1		
	План на површини за градење		ФАЗА: ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА
ПЛАНЕР:	СОРАБОТНИЦИ:	ИНФРАСТРУКТУРА:	Размер: М = 1:1000 / Тех. бр. 04-05/2017
дипл.инж.арх. Елена Зафировска овластување бр. 0362	дипл.инж.арх. Лила Коцевска; дипл.инж.арх. Лирие Рамадани овластув. бр. 0446	д. г. и. Муса Муслија	Дата: ноември, 2018 / Прилог: бр: 02



PRO – ENGINEERING
ПроИнженеринг
Градски пазар на кат лок бр.20 тетово
Tregu i gjelbrit ne kat lok nr.20 Tetovë
Musa Muslija 070 240 207

SHOQATA PËR PROJEKTIM,PLANIFIKIM, NDËRTIM, TREGËTI DHE SHËRBIME
DRU[TVO ZA PROEKTIRAWE,PLANIRAWE, GRADE@NI[TVO, TRGOVIJA I USLUGI
COMPANY FOR DESIGNING,PLANNING, BUILDING, TRADE AND SERVICE

Детален урбанистички план за УЕ 2 дел од Блок 9/1 во Струга, опфат помеѓу ул. „Новопроектирана 1„, ул. Ул. „Маршал Тито“ и „Пртистапна улица„КО Струга- општина Струга

ПЛАНСКИ ПЕРИОД

2017-2022

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

ЛЕГЕНДА:

- Граница на плански опфат 7813,36 m2
- U-1.4-Граница на блок
- U-3.1.РЛ - Регулациона линија
- U-3.2-Линија на парцела
- U-4.1-ГЛ - Градежна линија
- U-5.1-Елементи на сообраќајница
- **Б9.1** Нумерација на блок
- 9.1.1 Нумерација на градежна парцела
- **П+4+Пк** Катност
- **H=16.20м** Максимална висина

НАМЕНА НА ПОВРШИНИ

- A1 Домување во станбени куќи
- A4 Времено сместување
- T4 Стоваришта
- E1 Комунална инфраструктура-сообраќајници

СООБРАЌАЈНИ ПОВРШИНИ

- Коловоз
- Тротоар

ПЛАНИРА:	ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ, ПЛАНИРАЊЕ, ГРАДЕЖНИШТВО, ТРГОВИЈА И УСЛУГИ ПРО-ИНЖЕНЕРИНГ ДОО ТЕТОВО		УПРАВИТЕЛ: Нермин Мустафи
НАРАЧАТЕЛ:	Ајро Исат		**РЕВИЗИЈА:**
ДОНЕСУВАЧ:	Општина Струга		
ПЛАН:	ДУП за дел од блок 9/1		
	Сообраќаен план		**ФАЗА:** ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА
ПЛАНЕР:	**СОРАБОТНИЦИ:**	**ИНФРАСТРУКТУРА:**	Размер: M = 1:1000 / Тех. бр. 04-05/2017
дипл.инж.арх. Елена Зафировска овластување бр. 0362	*дипл.инж.арх.* Лила Коцевска; *дипл.инж.арх.* Лирие Рамадани овластув. бр. 0446	*д.г.и.* Муса Муслија	Дата: ноември, 2018 / Прилог: бр: 03



PRO – ENGINEERING
ПроИнженеринг
Градски пазар на кат лок бр.20 тетово
Tregu i gjelbrit ne kat lok nr.20 Tetovë
Musa Muslija 070 240 207

SHOQATA PËR PROJEKTIM,PLANIFIKIM, NDËRTIM, TREGËTI DHE SHËRBIME
DRU[TVO ZA PROEKTIRAWE,PLANIRAWE, GRADE@NI[TVO, TRGOVIJA I USLUGI
COMPANY FOR DESIGNING,PLANNING, BUILDING, TRADE AND SERVICE

Детален урбанистички план за УЕ 2 дел од Блок 9/1 во Струга, опфат помеѓу ул. „Новопроектирана 1„, ул. Ул. „Маршал Тито“ и „Пртистапна улица„КО Струга- општина Струга

ПЛАНСКИ ПЕРИОД

2017-2022

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

ЛЕГЕНДА:

- Граница на плански опфат 7813,36 m2
- U-1.4-Граница на блок
- U-3.1.РЛ - Регулациона линија
- U-3.2-Линија на парцела
- U-4.1-ГЛ - Градежна линија
- U-5.1-Елементи на сообраќајница
- **Б9.1** Нумерација на блок
- 9.1.1 Нумерација на градежна парцела
- **П+4+Пк** Катност
- **Н=16.20м** Максимална висина

НАМЕНА НА ПОВРШИНИ

- A1 Домување во станбени куќи
- A4 Времено сместување
- Г4 Стоваришта
- Е1 Комунална инфраструктура-сообраќајници


КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

- U-6.1.2-Планирани водоводни инсталации
- U-6.2.2-Планирана фекална канализиација
- U-6.3.2-Планирана атмосферска канализација
- U-6.5.2-Планирана електрика
- U-6.6.2-Планирана телекомуникациска мрежа

